Бр. 01-394/1
Скопје, 01.09.2022

Врз основа на Законот за заштита на личните податоци ( „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/2020) и член 6 став 4 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/2020), директорот на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи донесе:

# ПОЛИТИКА
## за системот за заштита на лични податоци на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи

Цел на обработката на личните податоци

Личните податоци во Комисијата се обработуваат на начин и според принципи утврдени во Законот за заштита на личните податоци и во подзаконските акти кои произлегуваат од законот, со цел првенствено исполнување на основната дејност од работењето на Комисијата, како и нејзините планови за работа и поставените цели.

Во Комисијата се обработуваат личните податоци од вработените за целите на евидентирање и управување со човечките ресурси што е законска обврска на Комисијата како институција од јавниот сектор согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, како и личните податоци на други лица со кои Комисијата воспоставува директен или индиректен контакт со различен тип на можни односи.

Принципи и начела на обработката на личните податоци

Законитост

Личните податоци во Комисијата се собираат и се обработуваат во согласност со Закон за конкретни, јасни и со Закон утврдени цели и во склад со прописите за вработените во јавниот сектор, прописите за административните службеници и другите посебни прописи што ги применува Комисијата во своето работење.

Личните податоци се чуваат, се ажурираат и се обработуваат во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од тоа


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

што е потребно за целите поради кои се обработуват. Податоците се обработуваат врз база на целосна доверливост, интегритет, расположливост и заштита, на начин кој обезбедува соодветно ниво на безбедност, вклучително заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од губење, уништување или оштетување на податоците.

На секое физичко лице – субјект на лични податоци му се гарантира безбедност и заштитата на личните податоци без дискриминација по било која основа.

Транспарентност во комуникацијата

Субјектите чии лични податоци се обработуваат се запознаваат со воспоставениот процес на обработка на личните податоци и нивните права и обврски.

За специфични процеси на обработка на личните податоци потребна е согласност на субјектот на личните податоци која се обезбедува во согласност со воспоставена деловна практика.

Комисијата има назначено официри за заштита на лични податоци и јавно соопштени контакт податоци преку кои субјектите на лични податоци можат да добијат дополнителни информации или да побараат остварување на нивните со закон гарантирани права.

Правичност

Субјектот на личните податоци мора да биде свесен и запознаен дека неговите податоци ќе се обработуваат. Тоа ќе му помогне да донесе одлука за тоа дали се согласува со таквата обработка или ќе го искористи правото на приговор или евентуално ограничување на обработката на неговите лични податоци кога во зависнос од процесот на обработка е истото можно.

Контролор на збирки на лични податоци

Контролор на личните податоци е Комисијата за односи на верските заедници и религиозни групи (во натамошниот текст:Комисијата) со седиште на улица „Бихачка“ бр.2 1/ 2 во Скопје, Палата Емануел Чучков.

Податоци кои можат да се собираат

Се обработуваат и собираат лични податоци кои како такви се опишани во Законот за заштита на личните податоци, кога тоа е потребно за функционирање, развивање и реализирање на воспоставен процес во Комисијата.

Податоци кои се обработуваат при влез на веб страната на Комисијата

- Податоци за посети

При користење на веб страната на Комисијата, платформата за секој посетител креира логови со следните податоци:

- Време на посета на веб страната;
- Назив на страната која се посетува заедно со подопциите при тоа;


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

- Страната од која е препратена посетата и во некои случаи клучните зборови кои се користени при истотото препраќање;
- Оперативниот систем кој се користи и нагодувањето за екранска резолуција;
- Видот на пребарувач и неговата верзија;
- Официјалниот јазикот кој се користи на пребарувачот;
- Интернет (IP) адресата од која се пристапува;
- Типот на уред од кој се пристапува;

Сите записи (логови) ротираат и се пребришуваат на секои 7 дена, освен заради проучување на сигурносен или кориснички проблем.

Начин на собирање на личните податоци

Личните податоци ги собираме преку пеку користење на веб страната на Комисијата од надворешни лица, вклучувајќи ги тука и формите за аплицирање, преку формална кореспонденција со Комисијата, преку директен или индиректен деловен однос кој се случува еднократно или се повторува, преку анализи за воспоставените процеси, проекти или активности, преку видео надзорот, поштата и другите воспоставени канали на комуникации;

Време потребно за чување на собраните податоци

Податоците кои се прибираат се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката и се утврдени во Актот со рокови на чување на личните податоци на Комисијата согласно Планот за чување на архивскиот материјал на Комисијата и годишните листи за чување документарен материјал донесени со одобрение на Државен архив на Република Северна Македонија.

Личните податоци, доброволно оставени од странките како што се: Име, презиме, поштенска адреса, контакт телефонски број и електронска адреса, се прибираат и употребуваат со цел да се постапи по барања за информации на подносителите и за навремено и точно доставување на бараните одговори.

Личните податоци ќе бидат чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на личните податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка, по што истите се бришат и уништуваат.

Време на чување на личните податоци

Во зависност од законската регулатива, другите прописи, потребата на институцијата и карактерот на личниот податок кој се чува, можно е различно времетраење на


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

периодот на чување кај различни видови на лични податоци. Секоја странка има право да се обрати до Комисијата со прашање колку време ќе биде чуван одреден личен податок.

Правата на субјектите во однос на обработката на лични податоци

Секој субјект на лични податоци има право :

- да биде информиран за обработката на личните податоци
- да има пристап до личните податоци
- да даде претходна согласност за обработка
- да се изврши исправка и бришење на личните податоци
- да се ограничи обработката на личните податоци и
- право на приговор

За дополнителни информации со правата за заштита на лични податоци да се контактира офицерот за заштита на лични податоци чии контакт информации се објавуваат на веб страната на Комисијата и содржат име и презиме, телефонски број и е-маил адреса на офицерот.

Право на поднесување на барање до Агенцијата за заштита на личните податоци

Секој кој смета дека со начинот на кој Комисијата ги обработува неговите лични податоци се повредуваат одредбите на Законот за заштита на личните податоци, може да поднесе барање на пропишан образец до Агенцијата за заштита на лични податоци како надзорно тело, по кое ќе се постапува, согласно член 97 од Законот за заштита на личните податоци.

**Директор**
**м-р Даријан Сотировски**


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија